Прочитај ги описите на овие работни места и размисли за тоа

*Дали овие работни места се достоинствени?*

*Што ти се допаѓа?*

*Што би промени?*

*Кое од овие работни места би го одбрале?*

| |
|---|
| Марија работи на место каде што и се плаќа по час. Таа нема договор со полно работно време; понекогаш од неа се бара да работи 10 часа неделно, понекогаш и 40 часа неделно.Кога ќе се разболи, не добива плата за боледување. |
| Платата на Александар е многу добра, но тој мора да работи многу долго - често доцниво текот на ноќта и за време на викендите. Некои недели, му се собираат повеќе од 80 часа на работа неделно. Тој не може да поминува многу време со сопругата и децата. |
| Од Петар често се бара да сработи задачи кои се премногу тешки - тој ги нема потребните вештини добро да ги заврши овие задачи и нема добиено соодветна обука. |
| Ана не зема плата колку некои нејзини пријатели, но ужива во работата. Тоа е значајно за неа, бидејќи таа може да им помага на другите луѓе во неа заедница. Таа верува дека ова е важна работа. |